**Објавен во “Службен весник на Република Македонија ”**
**Бр.26 од 21.2.2012 година**

Врз основа на член 16 став 6 од Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија” број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008,161/2008 и 99/2009,136/2011), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение од страна на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија бр.2/2012), во членот 2 став 1 Прилогот број 1 се заменува со нов Прилог број 1 кој ќе биде составен дел на предметниот правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Број 10-964/1

Министер за труд и социјална политика,

Скопје
10 февруари 2012 година

**Спиро Ристовски,** с.р.

ж
**ПРИЛОГ бр.1**

**До писарницата на**
**претседателот на Управниот одбор**
**на Агенцијата за вработување на**
**Република Македонија**
______________________

**Б А Р А Њ Е**

заради непостапување по поднесено барањето за издавање на Решение за доделување на средства од Посебниот фонд,

Од_____________________________________________________________________
_
(име и презиме на подносителот на барањето)
со стан на ул.______________________ бр. _______ од ______________
општина ___________________.

Подносителот на барањето на ден _____________год., поднесе барање за добивање на Решение за доделување на средства од Посебниот фонд по основ на ________________________________.

Со оглед дека законскиот рок од **90 дена** од поднесувањето на барањето е истечен, поднесувам барање до Претседателот на Управниот Одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија ______________ во рок од пет работни дена да донесе решение согласно член 16 став 6 од Законот за вработување на инвалидни лица.

ПРИЛОГ: Копија од поднесеното барање за добивање на Решение за доделување на средства од Посебниот фонд _____________________________________________________________________,
бр._________ од ________________ год.

Подносител

Место и датум на барањето

_____________ _____________